ОСНОВЕН СУД КРАТОВО
СПИ.бр.23/21-2
29.11.2021 година
К р а т о в о

До
[redacted]

ПРЕДМЕТ: Доставување информации од јавен карактер

Во Основен суд Кратово е примено Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер по електронска пошта на ден 25.11.2021 година.

Во врска со Вашето барање, согласно чл.20 и 21 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, се постапи по истото и по извршената проверка ви ги доставуваме следните информации:

1. Во периодот од јануари 2016 година до октомври 2021 година во Основен суд Кратово има заведено само 1-еден предмет и тоа во 2018 година, со основ вознемирување на работно место, кој што е решен.

2. Заведениот предмет се однесува на психичко вознемирување на работното место.

3. Во наведенито предмет тужител е маж.

4. Во наведениот предмет е донесена пресуда со која тужбеното барање на тужителот е одбиено како неосновано.

5. Нема донесено пресуда во корист на тужителот.

Службено лице за посредување
со информации од јавен карактер,
Диме Петрушевски

Претседател на судот,
Судија,
Мирослав Георгиевски

ОСНОВЕН СУД КРАТОВО
Република Северна Македонија
Кратово

[redacted]

[redacted]

**До**
Основен суд Кратово

Република Северна Македонија
Основен суд Кратово
СПИ СУ.бр. 23 / 21
25.11. 2021 година
Кратово

## БАРАЊЕ
## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

1. Број на заведени предмети во изминатите пет години (јануари 2016 до октомври 2021) по основ на Вознемирување на работно место (член 4 и 5 од Закон за заштита од вознемирување на работно место? Колку од нив се решени, колку се уште во работа?
2. Колку од заведените предмети по горенаведеното прашање се однесуваат на психичко, а колку на сексуално вознемирување на работно место?
3. Во колку од предметите тужител е жена, во колку маж?
4. Колку од завршените предмети по основ на Вознемирување на работно место за изминатите пет години, доколку има, пресудата е донесена во корист на тужителот, а колку на тужениот?
5. Дополнително, колку од тужбите донесени во корист на тужителот се жени, а колку мажи?

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- г) електронски запис

Начин на доставување на информацијата:

- г) е-маил

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

[redacted]

[redacted]